РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-193/6
05-11-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-193/1 од 14.01.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи против службеното лице -------, назначен за Командир на Полициското одделение за ------- при СВР ------, при Министерството за внатрешни работи на РСМ, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата се потврдуваат.

ДКСК ќе достави Укажување до Министерството за внатрешни работи на РСМ за почитување на одредбите од член 154 став 4 од Законот за внатрешни работи, член 46 и член 72 од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-193/1 од 14.01.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 14.01.2025 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за назначувањето на лицето --------- за Командир на Полициското одделение за ------- при СВР ------, односно дека посоченото лице, кое не ги исполнува предвидените законски услови за назначување на посоченото работно место, и оформен е предмет број 12-193/1 од 14.01.2025 година.
Имено, наводите се однесуваат на тоа дека ова лице немал завршено соодветно образование, односно дека имал завршено Земјоделски факултет, иако за наведеното место на кое бил распореден - Командир Полициското одделение за

-------- при СВР ------, било потребно да има завршено Факултет за безбедност, Правен факултет, Економски факултет или Сообраќаен факултет.

Се наведува и дека во истата организациона единица, односно во Надворешната канцеларија за криминалистички работи во ОВР -------, на работното место Началник бил поставен братот на --------, --------, за што според подносителот постои сомневање за непотизам.
Подносителот бара ДКСК да го преиспита случајот и да постапи согласно нејзините законски надлежности.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Од увидот во прибавената документација, доставена до ДКСК на ден 10.03.2025 година го констатира следното:

За пополнување на работното место командир на Полициското одделение за ---------- не била спроведена постапка со објавување на интерен оглас, за именуваниот работник не било донесено решение за распоредување, односно унапредување, туку дека, заради непречено одвивање на работниот процес во Полициското одделение за -------, постапувајќи по член 154 став 1 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 120/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016, 21/2018 и 135/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/2019, 275/2019, 110/2021 и 89/2022), а со оглед на зголемениот обем на работа, Директорот на Бирото за јавна безбедност, издал наредба со која вработениот ------- бил задолжен да извршува работи и задачи од работно место Командир во Полициското одделение на --------.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, беше разгледана и законската регулатива, при што беше утврдено:

Во член 20 став 2 од од Законот за внатрешни работи е уредено:

(2) Директорот на Бирото **издава наредби** од областа на оперативното работење.

Додека, во член 106 став 2 од истиот Закон е уредено дека:

(1) Работник во Министерството може во текот на работниот однос да биде распореден на друго работно место различно од она на кое претходно работел, во транспарентна постапка.
(2) По **исклучок** од ставот (1) на овој член, транспарентноста на постапката не се однесува на распоредување на работници на работни места во Министерството при распоредување по потреба на Министерството или при распоредување по барање на работникот.

Согласно член 154 од истиот Закон:
(1) Министерот или од него овластен раководен работник може да издаде **писмена наредба** со која на работник му наредува да врши задачи во друга организациска единица различна од организациската единица во која работникот работи.
(2) Наредбата од ставот (1) на овој член се издава за извршување на итни, неодложни и специфични задачи чиј обем, сложеност и времетраење ги надминува расположивите ресурси на одредена организациска единица, при што задачите кои треба да ги изврши работникот не треба да се разликуваат од задачите на работникот од работното место на кое работи.
(3) По исклучок, заради извршување на итни и неодложни задачи, наредбата од ставот (1) на овој член може да се издаде во усна форма, која се изготвува во писмена форма по создавање на услови за тоа, но не подолго од 24 часа.
(4) Извршувањето на задачите од ставот (2) на овој член, за кои е издадена наредбата, **може да трае најмногу до 30 дена**.
(5) Наредбата од ставот (1) на овој член не се издава за извршување на задачи од страна на полициски службеник упатен во истражен центар на јавното обвинителство.

Имајќи предвид дека со наредбата може да се задолжи вработен да извршува работни задачи најмногу 30 дена, ДКСК дополнително побара информација од Министерството за внатрешни работи на РСМ, за тоа дали работникот сеуште извршува работни задачи согласно издадена наредба, со доставување на соодветна документација за истото, по што на ден 19.06.2025 година беше доставено известување од каде се констатира дека работникот сеуште извршува работни задачи на работното место командир во ПО за -------, врз основа на последно издадената Наредба бр.-------/1 од --.--.2025 година, издадена за период на задолжување од 16.05.2025 година, заклучно со 14.06.2025 година.
Со ова се констатира дека на работникот му била дадена наредба за извршување на работни задачи за период подолг од законски утврдениот рок во член 154 став

4 од Законот за внатрешни работи, заради што ДКСК ќе достави Укажување до Министерството за внатрешни работи со цел почитување на конкретната одредба од законот, во смисла на законски утврдените рокови.

Што се однесува до наводите од пријавата за сомневање за непотизам односно судир на интереси на вработеното лице во Надворешната канцеларија за криминалистички работи во -------, на работното место Началник, ДКСК ја утврди потребата од доставување на Укажување до Министерството за внатрешни работи во РСМ, со цел превенција при потенцијален судир на интереси во извршувањето на работните задачи на двајцата вработени кои биле во роднинска врска, односно почитување на одредбите од член 46 и член 72 став 1 и 2 од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во кои е уредено дека:

Член 46:
„Лицата кои со службеното лице се блиски лица, за кои оправдано се смета дека постои интерес што ги поврзува со службеното лице, не можат да вршат супервизорски или контролен надзор врз неговата работа."

Член 72:
(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.
Согласно горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор